Според Пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/km2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/km2.
Има 22 населени места со население според следната динамика:

| | |
|---|---|
| **Делчево** | **11536** |
| Бигла | 275 |
| Ветрен | 114 |
| Вирче | 494 |
| Вратиславци | 36 |
| Габрово | 799 |
| Град | 529 |
| Драмче | 277 |
| Ѕвегор | 882 |
| Илиово | 127 |
| Киселица | 35 |
| Косово Дабје | 21 |
| Нов Истевник | 138 |
| Очипала | 92 |
| Полето | 194 |
| Разловци | 831 |
| Селник | 27 |
| Стар Истевник | 67 |
| Тработивиште | 530 |
| Турија | 103 |
| Чифлик | 53 |
| Стамер | 345 |
| **Вкупно** | **17505** |

Домаќинства: 5568
Просечен број на членови на домаќинства: 3,1
Станови (сите видови на живеалишта): 7163
Извор: Статистички годишник на РМ, 2005

Стапката на пораст на населението во периодот 1994 – 2002 изнесува – 0,16, што е помалку од просекот на Републиката, кој изнесува 0,48.
Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, а индексот на стареење е 0,414.
Вкупно населени во општина Делчево според половата структура е 51% мажи и 49% жени.

Стапката на писменост изнесува 96,9%.

Вкупно население во општина Делчево според образовна структура:




Вкупно население во општина Делчево според национална припадност:




Густината на населеност во општината изнесува 42 жители на 1 km² и е за 1,8 пати помала од просечната густина во Република Македонија. Од анализа на структура на населението е утврдено дека учеството на работоспособнто население и младото население е повисоко во градот во однос на руралните средини. Просечното учество на младата популација на ниво на општината од 27,6% упатува на поволни можности што ги нудат човечките ресурси, како фактор за остварување на идниот економски развој. Согласно планските предвидувања, населението во градот е зголемено во 2010 година, во однос на 1994 година за 13,7 % , а во 2020 година за 29,8 % . Порастот на руралното население ќе биде со побавно темпо и за претходно наведените реперни години зголемувањето ќе изнесува 11,5 % односно 15,7% соодветно.